ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 623.1:72(497.774)“18“



Марула НИКОЛОСКА

# ВОЕНИОТ КОМПЛЕКС ВО БИТОЛА

**Клучни зборови**: *Воена архитектура, урбанизација, влијанија на европската архитектура, начин на градење на македонски мајстори и нивните тајфи, функционалност, естетика*

**Апстракт:** *Воениот комплекс во Битола е една од градските зони кои го покажуваат спонтаното настанување, односно развиток на една урбанистичка целина која се поврзува со периодот на Османлиското владеење на територијата на Македонија. Битола во XIX век бил важен воен центар, односно седиште на Третата армија на османлиската војска, неопходна за одржување и контрола на сеуште големите територии и области во кои владеело Османлиското царство. Ваквата концентрација на војната моќ во градот, довело до потреба за изградба на значајни војни објекти во чиј склоп биле двете големи касарни, барутаните, арсеналот, разни работилници, коњушници и други објекти за потребите на војската, како и Воена гимназија, Воената болница и др. За така интензивната изградба бил потребен голем простор, со што е изразено проширувањето на урбаниот простор на градот на јужната страна на градот, а со тоа и менување, односно развој и проширување на урбанистичкиот концепт на градот.*

### *Анализа на воениот комплекс во Битола*

Многувековниот историски развој на градот Битола од неговото формирање до денес, го покажува спонтаниот континуитет на неговиот развој, ширење и дефинитивно слоевито обликување на урбаната целина со сите елементи кои ги одразуваат сложените општествени историски периоди, општествени односи, економскиот развој и структурата на населението, а посебно го одразува процесот на формирање на просторните рамки на животот во различните историски периоди низ урбаната, градежната и архитектонска метаморфоза.

Податоците за големината на градот, градењето и поставеноста на објектите во многу придонесуваат плановите (картографските прикази), старите фотографии, патописната, историската и друга литература низ кои и денес се препознаваат како битни, маркантни одредници на карактерот , изгледот и функцијата на градот.

Овие објекти, од аспект на културно-историски вредности, благодарејќи на зачуваните материјални остатоци сведочат за начинот на користење и урбанизираност и начинот на градење на одреден градски простор во минатото, како простор на историските случувања.

Воениот комплекс во Битола е една од градските зони кои го покажуваат спонтаното настанување, односно развиток на една урбанистичка целина која се поврзува со периодот на Османлиското владеење на територија на Македонија.

Со донесување на повелбата од 14 април 1820 година[1] со која се известува дека град Битола станува седиште на Румелискиот валија, како и повелбата со која се наложува дека треба да се поправат и исчистат патиштата по кои, од Софија до Битола се движи големата војска од преку 30.000 војници со артилерија, муниција и друго од 14 април 1820 година[2], Битола станува главно управно седиште на румелиските валии и високите везири. Во развојот на градот придонел и воведувањето на реформи во текот на XIX век: Танзимат - реформски процес на модернизација на царството (од 1839. до 1876. година), кога е донесен првиот устав во Османлиското царство[3].

---

[1] Повелба од 14 април 1820, *Турски документи за македонската историја 1818-1827*, IV, Скопје, 1957, 47.

[2] Повелба од 14 април 1820, *Турски документи за македонската историја 1818-1827*, 48.

[3] Ѓоргиев Драги, *Мехмед Тевфик*, Историја на Битолскиот вилает, Битола.1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016.



Ф.1-Карта на битолскиот вилает, Џебен атлас на Tuccarzade од 1907г. (Најдов Д., *Битола низ стари разгледници*, НУ Завод и Музеј – Битола, 2014, VII)



Ф.2-Битолски вилает https://mk.wikipedia.org/wiki/Битолски Вилает




Ф.3- Вилаетот во 1867–1912 https://mk.wikipedia.org/wiki/Битолски Вилает

Во 1839. година, издаден е и „*Гилханскиот хатишериф*“ кој ги најавуваат обемните реформи во администрацијата и другите сфери на општествениот живот, а една од најзначајните секако била реформата на османлиската војска, неопходна за одржување и контрола на сеуште големите територии и области во кои владеело Османлиското царство. Во тој контекст треба да се наведат и административните реформи во земјата, кои повеќекратно ќе влијаат на состојбата во Битола, во текот на XIX век.

Од тие причини Битола во текот на 40-те години на XIX век станал важен воен центар, односно седиште на Третата армија на османлиската војска, неопходна за одржување и контрола на сеуште големите територии и области во кои владеело Османлиското царство. Според административната поделба на Отоманската империја, Битолскиот вилает бил формиран во 1874 г., па се до 1877. година и повторно во 1879 година и егзистирал до 1912 година[4]. (Ф. 1-3)

Ваквата концентрација на војната моќ во градот, довело до потреба за изградба на значајни војни објекти во чиј склоп биле двете големи касарни, барутаните, арсеналот, разни работилници, коњушници и др. за потребите на војската, како и Воена гимназија, Воената болница и др. За така интензивната изградба бил потребен голем простор, со што е изразено проширувањето на урбаниот простор на јужната страна на градот, а со тоа и менување, односно развој и проширување на урбанистичкиот концепт на градот.

Патописците кои го посетиле градот главно ја опишуваат Битола како значаен воен центар, а бројот на војската е различен. Во 1838 година во Битола се споменуваат два гарнизони-батаљони кои бројат 17.000 луѓе[5]. Истата 1838 година во Битола бројот на војската изнесувал 3.200, а во есента 1843 се зголемил на 6.000 луѓе[6]. Во 1845 година, патописецот В. Григорович, констатира дека Битола е значаен воен центар, а со својата големина може да се натпреварува со Солун, но по својата чистота и редот многу го наминува[7]. Патописецот Е. Лир во 1848г. го споменува градот Битола како атрактивен и просперитетен град кој има голема важност, а истовремено и воен центар на сите воени оперции поврзани со Северна и Јужна Албанија, Тесалија. Македонија и Босна,... изненаден од атрактивноста и сјајот на Битола .... бил пријатно изненаден од цивилизацијата, големината на зградите и градините (парковите), широките и добро поплочени улици, крајно убавите пазари, цивилизацијата - стражари, музичари, паши, палати и стражарници[8].

Проучувањето на големината на градот, градењето и поставеноста на одредени градски зони и објектите кои ја формираат во многу придоне-

[4] https://mk.wikipedia.org/wiki/Битолски Вилает

[5] Патопис од непознат автор од 1838 година, МДСП 1827-1849, Скопје, 1992, 394

[6] Патописот на Јозеф Милер од 1843година, МДСП 1827-1849, 555

[7] Патописот на Виктор Григорович од 1845 година, МДСП 1827-1849, 570

[8] Патописот на Едвард Лир од 1848 година, МДСП 1827-1849, 655, 656




Цр. 1- Дел од план кој го прикажува делот од воената зона во градот, изработена кон крајот на XIX и почеток на XX век

сувааат плановите (картографски прикази), старите фотографии, патописната и друга литература.... кои и денес се препознаваат како битни, маркантни одредници на карактерот, изгледот и функцијата на градот.

На делот од картата од крајот на XIX и почетокот на XX век прикажана е воената зона изградена на источниот дел од градот. (Цр. 1, 2, 3) На неа се исцртани двете касарни – Црвената и Белата, западно од нив е Воената болница со паркот пред неа, еден помал објект кој е насловен како касарна – со издолжена правоаголна основа и пацио, изведен по истиот принцип како двете големи касарни. Непосредно до касарните во правец на север е Воената гимназија. Источно од касарните, во непосредна близина е прикажан паркот на Керим Паша. Источно од касарните, во подножјето на ридот Тумбе кафе исцртани се неколку помали и поголеми објекти кои се споменуваат како воени складишта. За жал, на картата недостасува делот на кој се наоѓал арсеналот, како ни трите комплекси на барутани изградени на ридот Тумбе Кафе (Табие).

Денес, за жал од некогашниот воен комплекс опстојуваат само Воената гимназија и Воената болница, и еден од трите комплекси барутани тн. Џепане. На просторот на срушените објекти денес е градскиот парк, разни други објекти со станбена и друга намена, а во последните години изведен е „ѕид“ од високи станбени објекти со кој целосно и изменета една важна „мемориска“ точка за градот, а прекината е и една значајна врска на градот со неговото минато, односно историскиот развој на градот.

Двете касарни - Црвената и Белата користени се и од страна на српската војска после 1912 година. Во ноември 1916 година во касарните избил пожар, а од 2 јануари 1917 година почнало гранатирањето на двете касарни од страна на германско







Цр.2-поединечни комплекси

Цр.3 - воената зона со назначени ситуираноста на трите комплекси барутани и арсеналот

Копија на картата/план од крај на 19/почеток на 20 век, НУ Завод и Музеј, Битола 2013, 14. План копиран во 04. 01. 1921.година.



комплекс Џепане

комплекси барутних магацина који данас не постојат

арсенал (претпоставена полож-ба -според стари фотографии)

Црвената и Белата касарна (не постојат, положбата одредена според стара ..... карта)

Коњушници

Воена гимназија (постоечки објект)

Воена болница (постоечки објект)

Ф.4-Некогашниот воен комплекс на објекти во Битола, вклопени во денешната состојба

- бугарските позиции кое траело до крајот на Првата светска војна и нивно целосно уништување[9].

Денес, многу податоци за објектите во воениот комплекс нуди патописната литература и историските извори. Веќе во 1845 година се споменува „...голема бројност на војската, сместена во касарните (кишлах)[10]. Ј. Хан во својот патопис од 1858 година, дава опис на воениот комплекс и ја споменува и опишува Белата касарна и другите градби околу неа, паркот на Керим Паша, арсеналот и бројни работилници[11]. Многу податоци



Ф.5 - Дел од воениот комплекс во Битола, снимен околу 1900. година. Во преден план се двете касарни, а во позадина е Воената гимназија (https://bitola.info/crvena-ibela-kasarna-bitola/)

[9]https://mk.wikipedia.org./wiki/Бела-касарна, Стерјоски Александар, Градби-Битола, Битола, 2020, 36-40

[10] Матковски А., МДСП, Патописот на Виктор Григоровиќ од 1845 година, 571

[11] Матковски А., МДСП 1850-1864, Патописот на Јохан Хан од 1858 година, 293-296




Ф. 6 - Главната, влезна фасада на Црвената касарна
(Најдов Д., Битола низ стари разгледниви, НУ Завод и Музеј-Битола, Битола 2014, Ф. 85, 39)

конкретно за Црвената касарна има во историските извори.

Најстари датирани во тој комплекс се двете касарни – Црвената пешадијска касарна и Белата коњичка и артиљериска касарна. Изградбата на овие две, за тај период модерни касарни, се одраз на тенденцијата за постепена европеизација на турската војска, кои најмногу се манифестира низ начинот на организирање и функционирање на касарните.

### *Црвената пешадиска касарна*

**Црвената пешадиска касарна** (Ф.6) – почнала да се гради во септември 1837. година, за што бил донесен дефтер за собирање на „пари за подигнување и изградување во град Битола на една касарна за сместување на војниците“[12]. Според дефтерот од мај 1839. година за расходите на новоизградената касарна, касарната е изградена одново, подигната на месноста (Гокче-бунар) и завршена пред извесно време[13]. Според Мехмед Тефик таа била изградена во периодот од 7 април 1837 – 26 март 1838 година. подигната од страна на Ќосе Ахмед-паша, валија на ејалетот и командант на Битола и околината[14].

Историската литература исто така, нуди многу податоци за изградбата на воениот комплекс, поточно за Црвената касарна во Битола[15]. За изградбата на касарната набавени се различни градежни материјали – *различни видови дрва - брезово* дрво, *дабово дрво* за рамки на прозорците и вратите, големи дрва дикме дабови, дабови штици за скалите, дрва за големи табани (тавани?), *дабови дрва* за портите, чамово дрво (за дикме?), големи дрва дикме дабови, дабови штици за скалите, дрва за големи табани (тавани?), дабови дрва за портите, дрва за појасите на ѕидовите, штици „петорки“ од *чамово дрво*, чамови штици со средна големина, чамови штици што се стават долу, под штиците на душемето, *јасиково дрво*, камен од медем, штици од *тополи*, *слама за мешање кал за мачкање на таваните.*

За изградбата бил набавен и вар, хоросан (мешавина од прав од тули и вар), *гипс, мермерни камења, мермер од Прилеп* за изработка на столбовите пред портите на касарната, мермерни камења

[12] Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 103

[13] Дефтер за извршените расходи на новоизградената касарна во Битола, Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 120

[14] Ѓоргиев Д., Мехмед Тевфик, Историја на Битолскиот вилает, Битола, 1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016.

[15] Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 120 - 127



Ф. 7 – Панорама на Битола, со Црвената касарна во преден план, снимена од Тумбе кафе, во 1917 година (https://old.bitola.info/old Bitola postcards)

за седење, изработка и пренесување на *ќерамиди и тули од Велес* за касарната и коњушниците, олуци, *калај* за лепење на тенекецијата, *зелена и жолта боја*, големи, средни и мали *шајки* купени во Битола, *колички, плетени кошеви* за носење на каменот за ѕидовите

*Потребна вградена опрема* - чамови штици за бакарните пумпите за вода, бакарен калајлисан казан за топлење вода за пералната на касарната

Во описот на касарната користени се сите наведени податоци од патописната и историската литература, како и стари фотографии. Касарната, во основа имала квадратна форма, со димензии 180/180м. и имала огромен внатрешен двор – пацио. Била изградена на приземје и кат и покриена со двоводен кров. На сите четири агли биле изведени кули, кои имале висина од три нивоа, покриени со четвороводен кров.

Главниот влез во касарната е на североисточната фасада и е нагласен со тоа што има висина од приземје и два ката. На вториот кат е изведен еркер потпрен на мермерни столбови. Во нејзиното архитектонско обликување применета е строга симетрија, а видливи се и влијанијата на ориенталната и западноевропската архитектура. Влезот во горниот дел е нагласен со полукружен лак. На приземјето, првиот и вториот кат прозорците имаат иста големина и се симетрично распоредени. Во висината на кровот, изведена е атика изведена во средина на кулата, во иста вертикалата со влезната врата , чиј отвор во горниот дел завршува со полукружен лак. Фасадата е малтерисана и бело обоена. Кај влезната кула, вториот кат е еркерно исфрлен и потпрен на столбови, изведени од мермер од Прилеп, а од мермерни блокови биле изведени и клупите за седење пред влезните порти. Влез има и на спротивната југозападна фасада, кој е изведен со приземје и кат и нагласен само со изведениот четвороводен кров.

Влезните порти биле изработени од дабово дрво. За да се избегне монотонијата на долгите фасади, изведени по висина тесни вертикали, поставени на различно растојание и обоени со светла боја или се тоа столбови од делкан камен и камени блокови, заради зајакнување на ѕидовите. За зајакнување на ѕидовите, се употребени и дрва за појасите на ѕидовите (наведени во употребениот градежен материјал). Касарната, најверојатно била изѕидната од тули, од каде го добила и името Црвена касарна. Тулите и ќерамиите биле донесени од Велес, а изработени биле и олуци. Како врзно средство се користел варов малтер. Вратите и рамките на прозорците биле од дабово дрво. Во ентериерот, скалите кои ги поврзуваат различните нивоа биле изведени дабови штици. Меѓукатните конструкции биле најверојатно дрвени, над кои се заковани чамови штици, а над нив втор ред штици. Се споменува употреба на различни видови дрва (дабово, чамово, јасиково, штици од тополи). Таваните биле измачкани со малтер добиен со мешање на слама помешана со кал, како и хоросан малтер (мешавина од прав од тули и вар) употребен кај пералните во кои имало бакарни пумпи за вода, бакарен калајлисан казан за топлење вода за пералната на касарната.

Во ентериерот била употребена и различна железарија и галантерија - два големи клуча за двете порти купени во Цариград, брави за вратите, англиски клучеви со какми (?) од туч, средни клучеви за порти, мандали од туч, средно мандало со глава од бисер, обични клучеви за долапи, прибор за прозорци со жица и рамки, големи топки за обесување на оружјето, големи и мали славини купени во Цариград, две тугри (?) со месечина и



Ф. 8 - Црвената касарна-влезна кула



Ф. 9 – разни помошни објекти изградени зад Црвената касарна (https://mk.wikipedia.org/wiki)

ѕвезди од каменчиња за поставување на двете големи порти на касарната, од Солун купени железни прачки за прозорците на касарната, огледала за канцеларијата на офицерите, стакла за прозорците. Од Драч купени а изработени во Венеција, резиња за долапите, два големи клуча за двете порти купени во Цариград, брави за вратите, англиски клучеви со какми од туч, средни клучеви за порти, мандали од туч, средно мандало, глава од бисер обични клучеви за долапи, прибор за прозорци со жица и рамки, големи топки за обесување на оружјето, големи и мали славини купени во Цариград, две тугри (?) со месечина и ѕвезди од каменчиња за поставување на двете големи порти на касарната, од Солун купени железни прачки за прозорците на касарната, огледала за канцеларијата на офицерите, стакла за прозорците.

Што се однесува до просторната и функционалната организација, може да се заклучи дека покрај собите во кои престојувале војниците, изведени се и долги ходници. Покрај нив се споменуваат и канцеларии на офицерите. Во касарната е доведена питка вода од извор оддалечен три илјади и триста аршини лево од касарната со ископ на канали за доставување на вода во подигнатите кујни - две чешми, во умивалниците - осумдесет чешми, во клозетите - дваесет и осум чешми, во пералната - дваесет чешми.

Зад касарната биле изградени разни помали и поголеми објекти, приземни или приземје и кат, кои имале различна намена и биле во функција на потребите на војската, а зад Црвената касарна на растојание од 400 аршини била изградена коњушница за коњите на офицерите и за топовите, капацитет од 300 коњи[16].

Во изградбата на касарната учествувале различни видови мајстори:

– дограмаџии и варџии: устабашијата Коте Дафко од село Населич со неговата тајфа, како и устабашијата Алекса и неговата дружина од Охридската каза,

- мајстори кои работеле на дограмата и на камењата во рудникот - Ѓорго од село Дреново и мајстор Трајко од село Трбово (?) од казата Корча, како устабашии и нивните тајфи (дружини), мајстори-дограмаџии-каменари: Цветко Дадо и Ристо Ѓорѓи од село Костенец од казата Билишта и нивните дружини, Дијан, син на Никола од село Бабаница и Коста и Охриѓанецот Алекса со своите дружина,

- вадење на камења од рудникот, камења по аглите и дограма и мајстори тенекеџии: мајстор Стојан од Прилеп и неговата дружина: дограмаџии и варџии; устабашијата Алекса и неговата дружина од Охридкста каза, устабашијата Панајот син на Јорго од село Костинец во казата Серфиџе, мајстор – дограмаџија и варџија: Хаџи Јани од Село Бобошница , каза Костурска и неговата дружина;

Според исплатените средства се добиваат информации за мајсторите кои учевствувале во изградбата на касарната - ѕидање од тврд материјал на царската касарна до половина на зградата (на надници) и од половина нагоре (кутурица), исто така и дрвенаријата, со исклучок на офицерскиот салон што е подигнат над големата порта од мајсторите: дограмаџии (на надници) – мајстор Коста од Населич (кутурица), Аџи Јани од Костур и неговата дружина (кутурица), Ѓорѓи од Богоцко, Костурско и неговата дружина(кутурица), Никола од Дебар и неговата дружина (кутурица), Стојан од Прилепската каза и неговата дружина (кутурица), исплатено (кутурица) на Ицо од Крушево. Стојо од Прилеп, Димо од Велес и мајстор Јани од Битола и на нивните дружини, исплатено кутурица на мајсторите што ја изработија *коњушницата* (подигната 400 аршини зад касарната).

---

[16] Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 130




Ф. 10 - Панорама на Битола од Тумбе Кафе со Црвената и дел од Белата касарна, снимена 1917 година
(https://old.bitola.info/old Bitola postcards/панорама од битола од Тумбе кафе во 1917)

Касарната ја изградил познатиот градител *Стојан Везенков*[17], а во нејзината изградбата учествувале и други мајстори, сами или со нивните тајфи.

Помошни објекти и коњушница - исплатено на мајстор Никола, син на Ѓорѓи дограмаџијата и варџија од село Трново, Битолска каза што работеа заедно со нивната дружина на камењата на аглите**.**

Исплатено на мајсторите кутурица за изградба на две соби по чардакот на канцеларијата – мајстор Хасан-дограмаџија и варџија од Битола со неговата дружина, мајстор Никола, калфа Димо и Тодор Јани, Кара Никола, Чауш Кара Никола, Чауш Кара Зика Крсте, Чауш Јани, син на Никола и Мете од Крушево за изработено на царската касарна - дограмаџии, ѕидарски работници, работници-тенекеџии, дограмаџии, ѕидарски работници, кршење камења од мадеманџијата Трендафил и неговата дружина.

Трошоци за доведување внатре во касарната на лесна, слатка и вкусна вода од изворот оддалечен три илјади и триста аршини лево од касарната со ископ на канали за доставување на вода во подигнатите *кујни* две чешми, во *умивалниците* - осумдесет чешми, во клозетите дваесет и осум чешми, во *пералната* дваесет чешми.... Набавени „Паша" ќункови и другиот потребен материјал за *чешмите.*

Трошоци за мајсторите и тајфите за бојадисувањето на царската касарна - Јован, син на Ѓорго од Дебарската каза, мајстор Никола од село Смилево, Битолска каза и мајстор Петран од Крушево, заедно со нивните дружини и други работници.

### *Бела коњичка и артилериска касарна*

**Бела коњичка и артилериска касарна** (Ф.11-13, 16) - Веќе во јануари 1840 година, турските власти во Битола вршат откупување на ниви за изградба на царската касарна што се гради[18], а наведени се уште два документи со слична содржина[19]. Нема конкретни податоци дали се работи за Белата касарна. Според М. Тефик[20] оваа касарна се градела од 22 јануари 1844 до 10 јануари 1845 година. Касарната имала капацитет за 8.000 војници и 1585 коњи. Касарната била изградена на месноста „Миризливи ливади" или "Паша Капуси", во форма на правилен квадрат со димензии 180/180м. Касарната имала приземје и кат и била покриена со двоводен кров. Во големото пацио се влегувало преку осум влезови, а главниот влез е на источната страна. Касарната била изградена со приземје и кат, а кулите на аглите, за разлика од Црвената касарна биле на приземје и кат и назначени се само со четвороводниот кров[21].

Ј. Хан во описот на воениот комплекс во Битола нагласува дека „*веќе со самото влегување* се добива еден допадлив впечаток поради огромната касарна и преостанатите и издолжени град-

[17] Томалевски Г., *Майстор Стоян Везенков*, София, 1964, 218, тој исто така го изградил и Исмаиловиот сарај и др. објекти – стр 6, Радмила Момидиќ-Петкова, *Стојан Везенков – еден заборавен македонски градител од XIX век*, Зборник на трудови, бр, 10-11, Битола, 1990-1991, 85 - ја изградил Црвената касарна во Битола, Исмаиловиот познат како Смаил-беговиот сарај во Битола, касарната Меџидија во Сараево, истивремено (1853-1855) врши и надзор на изградбата на црквата Св.Анте Падовански (Сараево), а во периодот на 70-тите години на XIX век, гради многи куќи, цркви и чешми во Битола, мостот на реката Марица кај Одрин, а негово последно и недовршено дело бил мостот на мостот на реката Нишава, кај Ниш.

[18] Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 147

[19] Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 147, фуснота 447

[20] Според Мехмед Тефик 22 јануари 1844 – 10 јануари 1845 година

[21] https://mk.wikipeia.org/wiki/Бела касарна




Ф. 11 - Белата касарна, снимена 1909 година (Најдов Д., нав. дело, Ф. 86, 39)

би, групирани околу неа кои се наоѓаат во многу добра состојба.[22] Ние првин ја посетивме големата касарна, еден огромен квадрат, во која можат да се сместат 8.000 луѓе. Таа се состои од едно приземје и еден горен кат. На приземјето, во страничното крило, се наоѓаат шталите..... Речиси во сите турски воени установи примарната чистота за нас не беше ништо ново, меѓутоа она што овде го видовме, како и во другите установи, ги надмина нашите очекувања. Чистотијата не се ограничуваше само на подовите во собите и на добро проветрените скали, туку исто така и ходниците, скалите и прозорците итн., беа многу чисти, а на белите ѕидови како снег, светкаше оружјето, додека за кујната дури и некоја Холанѓанка не можеше ништо да префрли. Исто така и во шталите владееше ред и чистота, и добро одржуваните коњи, кои се наоѓаа внатре, беа повисоки и поснажни, отколку што би можело да се очекува според видовите во земјата.....“.[23]

Околината била облагодарена со липи и цреши и станала примамлива за чести прошетки на граѓаните[24].

Двете касарни – Црвената и Белата користени се и од страна на српската војска после 1912 годи-



Ф.12 - Главниот влез во Белата касарна

Влезот исто како и кај Црвената касарна е нагласен – изведен е со приземје и два ката и покриен со четвороводен кров.

Според начинот на поставување на применетите архитектонски елементи, фасадата на влезната кула ја карактеризира целосната симетрија.

Вториот кат е еркерно издаден по цела должина на фасадата, а средишната третина е дополнително издадена. Еркерите се потрпени на високи столбови. Влезниот отвор на приземјето е поставен во средишната оска на симетрија, а горниот дел е засеведен со полукружен лак, над кој е изведен прозорец.

[22] Матковски А., МДСП 1850-1864, *Патописот на Јохан Хан од 1858 година*, 293

[23] Матковски А., МДСП 1850-1864, *Патописот на Јохан Хан од 1858 година*, 296

[24] mk.wikipeia.org/wiki/Бела касарна




Ф. 13 - Белата касарна во 1910 година. На источната страна од Белата касарна е полигонот за вежби на турската армија. Патот покрај касарните, кој води кон Тумбе Кафе, денес е Градското шеталиште (Најдов Д., нав. дело, Ф. 98, стр.44)

на. Во ноември 1916. годинe во касарните избил пожар во касарните, а од 2 јануари 1917 година почнало гранатирањето на двете касарни од страна на германско, бугарските позиции кое траело до крајот на Првата светска војна кога дошло до нивно целосно уништување[25].

### *Други касарни*

Освен наведените касарни, имало изградено и други касарни. Така на пример, Црвената касарна е изградена одново, подигната на месноста (Гокче-бунар)[26]. Исто така, на картата/план од крај на 19/почеток на 20 век на Битола, исцртана е касарна во близина на Воената болница. Со изградбата на двете големи касарни, најверојатно се срушени и други помали, односно постари касарни.

### *Полигон за вежби на војската*

Постојат и бројни стари фотографии чија тема се разните вежби на Третата турска армија, кои се одвиваат во кругот на касарните, односно на полигонот пред и зад нив. На нив се прикажани на пешадијата, како и другите родови - арилерија и коњица, како и специјалните единици за телеграфија и врски, извидувачи. (Ф.14 - Ф.25)

### *Арсенал* (Ф. 27 - Ф. 28)

Според патописецот Ј. Хан од 1858 „сите единици....се наоѓаат ....на јужниот крај на градот ............ Оттука, отидовме во арсеналот, еден сличен, но помал четириаголник. Редот што владееше овде, чистотата и мудрото искористување на просторот не потсетија на воен брод. Големото богатство на овде масовно натрупаните воени реквизити и нивниот квалитет........ Уште на почетокот на арсеналот се наоѓаат работилници, во кои се застапени сите нужни занаети, а особено вредното изработување на седла дава добри резултати“[27]. Во историските извори од 1837 и 1839. година, во Битола се споменува „воено складиште“, како и „барут и олово кои се замени од битолскиот склад за муниција“[28].

[25] https://mk.wikipedia.org./wiki/Бела-касарна, Стерјоски Александар, Градби-Битола, Битола, 2020, 36-40

[26] Дефтер за извршените расходи на новоизградената касарна во Битола, Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, 120

[27] Матковски А., МДСП 1850-1864, *Патописот на Јохан Хан од 1858 година*, Скопје, 1992, 296

[28] *Турски документи за македонската историја 1827-1839*, V, Скопје, 1958, 97, 120, 136




Ф. 14 - Панорама на Битола со Белата и Црвената касарна и полигонот за вежби на турската војска (https://bitola.info/bitola-stari-razglednici/3/, Најдов Д., Битола низ стари разгледници, НУ Завод и Музеи-Битола, Битола, 2014, Ф. 9, стр.12)




Ф. 15 – вежби на турската војска пред Црвената касарна
(https://bitola.info/bitola-stari-razglednici/3/, Најдов Д., нав. дело, Ф.11, стр.13)

## *Три комплекси барутани*

Во историската, патописната, стручната и друга литература многу ретко се споменуваат или истражуваат барутаните. Многу податоци за барутаните - нивниот број, локација, архитектура, конструкција, нудат старите фотографии[29]. Нивната анализа покажува дека во склоп на воениот комплекс биле изградени вкупно три барутани и

[29] Користени фотографии од Најдов Димче, Битола низ стари разгледници, НУ Завод и музеи, 2014, https://old.bitola.info



Ф. 16 - Местоположбата ги задоволувала барањата да биде блиску до градот, на јужна страна и комуникациски поврзана – била во непосредна близина на патот за Солун. Просторот зад касарната се користел за вежби на војската (http://mk.wikipeia.org/wiki)






Ф. 17 Ф. 18

Ф. 17- Отомански артилерци пред Белата касарна, во 1863 година (http://www.albanianphotography.net/szekely/index.html, Josef Székely VUES IV 41090 Monastir [Bitola]: group of Ottoman artillerymen. October 1863)

Ф.18 - Построена турска војска пред Воената академија (https://old.bitola.info/)







Ф. 19 Ф. 20




Ф. 21




Ф. 22




Ф. 23




Ф. 24



Ф. 25

Ф. 17 – Ф. 25 - Вежби на турската војска - пешадија, артилерија, коњица, како и специјални единици за телеграфија и врски, извидници (https://old.bitola.info/old-bitola-postcards)




Ф. 26 - На фотографијата се прикажува полигонот на Третата турска армија, за вежби на војската. На истата се гледаат гледачи на трибините, пред смотра на војската (Најдов Д., нав. дело, Ф. 130, стр. 54, https://old.bitola.info)



Ф. 27 - Поглед на касарните и арсеналот, Тумбе кафе (old. bitola.info/old-bitola/postcars)



Ф. 28 -Дел од арсеналот (Најдов Д., нав. дело, Ф. 124, стр 51, https://old.bitola.info)

арсенал. Денешното Џепане поставено е највисоко на ридот Табије (наречено и Тумбе кафе), втората барутана била изградена на истиот рид, но многу подолу од Џепането, а третата барутана била сместена во подножјето на ридот и лоцирана најблиску до двете касарни и другите објекти кои биле во склоп на воениот комплекс[30].

Во 1865. година, рускиот дипломат Е. Тимаев[31], покрај двете големи касарни, големата воена болница споменува и три барутни магацини. Според Мехмед Тефик, „на ритчињата во близина на местото наречено Табие, позади касарните, биле изградени магацини за муниција", во периодот помеѓу 1876 и 1877 година. Не може да се констатира дали М. Тефик мисли на барутаните (според локацијата) или на магацини за муниција согласно функцијата. Според документите од бившата ЈНА, битолскиот комплекс Џепане е изграден во 1890 година.

Џепането во Битола, денес е единствен преостанат комплекс од некогаш постоечките комплекси барутани и арсенал во градот. Овие комплекси, како и двете касарни биле оштетени за време на Балканските војни, а пред повлекувањето на турските војски, повеќето воени објекти биле минирани и уништени од самата турска војска. Дополнително уништување на воени објекти во Битола се случило во текот на Првата светска војна, особено во 1917 година, кога најмногу настрадале двете касарни. Комплексот Џепане низ овој период имало само незначителни оштетувања. Тоа останало неоштетено можеби и заради тоа што било изградено на ридот Тумбе кафе (некогаш викано Табие), на надморска висина од 696м., недалеку од градот одејќи кон југ, но најдалеку од останатите објекти од воениот комплекс.

Сите четири барутани имаат издолжена правоаголна основа со приближно исти димензии – 28-29м./ 29-32м. Кај сите барутани пред влезот е изграден анекс/влезен простор изграден во средината на подолжните влезни, главни фасади. Анексите имаат димензии 3.43/6.63м. Барутаните со број 1 и 4 се приземни, а поради косината на теренот барутаните со број 2 и 3 на дел од основата имаат подрум.

Што се однесува до просторната организација на барутаните, заедничка карактеристика е дека се состојат од една просторија, која редовно во горниот дел е засводена. Вентилацијата на внатрешниот простор на барутаните е изведена со вентилациони канали.

Споредбените анализи со други барутани на поширокиот простор на Балканот, покажуваат дека конструктивниот систем и применетиот градежен материјал е ист – тоа се објекти изведени од дебели камени ѕидови. Само кај барутаните со издолжена форма на основата, какви што се и битолските се јавуваат контрафори на надворешната страна на ѕидовите. Разликата помеѓу битолскиот комплес и останатите барутани е и во применетата декоративна обработка богато застапена на различни делови на фасадите на објектите, особено на фасадите на истакнатиот влезен простор на објектите. Останатите анализирани барутани најчесто се едноставни објекти само со декоративно обработена стреа застапена само кај некои барутани.

Според истражувањата и изведените споредбените анализи, овој комплекс е единствен од таков тип на просторот на Балканот (споредбата е изведена врз основа на достапните извори за барутаните во Хрватска, Србија, Црна Гора....)

Примерот на комплексот Џепане во Битола покажува дека големо влијание во „изгледот" на

[30]https://muzejbitola.mk>bitola-niz-stari-razglednici, https://old.bitola.info/ од книгата на Најдов Д., нав. дело, Ф. 124, стр 51

[31] Матковски А. *Опис на Македонија (1865г.) според рускиот патописец Е. Тимаев*, Историја, XII, Скопје 1976, број 1-2, 216, Тимаев Матвеевич Евгений - руски дипломат, кој работел како секретар и драгоман во рускиот конзулат во Битола од 1863 до 1866. година, од каде бил преместен во Призрен




Ф. 28 - Трите барутни магацини кои се споменуваат во пишаните извори изградени во близина на објектите од воениот комплекс објекти во Битола, распоредени на ридот до комплексот (фотографија од 1909 година) (Најдов Д., нав. дело, Ф. 124, стр 51, https://old.bitola.info)



Ф.29 - Највисоко поставен на ридот Табие е денес зачуваниот комплекс - наречен Џепане кое претставува комплекс од четири објекти оградени со камен ѕид.



Ф. 30 - Малку подолу по ртот на ридот изграден била уште една барутана која денес не постои, а се состоела од еден објектн, со правоаголна основа, покриен со четвороводен кров, ограден со висок камен ѕид, а се забележува и нагласената, естетски обликувата влезна врата.



Ф. 31 - Во подножјето на ридот, најниско поставена од другите барутани и изградена на речиси рамен терен, се наоѓа и третата барутана, која претставува комплекс од три паралелно поставени објекти со изразито издолжена форма на основа, со двоводен кров и контрафори изведени на камените ѕидови. Комплексот бил ограден со висок камен ѕид. Објектите биле високи (најверојатно со висина на приземје и кат). Денес не постои.



Ф. 32 – комплексот барутани - Џепане (НУ Завод и Музеј-Битола)

Ф.33   Ф.34

Ф.33, Ф. 34 - Објект бр.4 и бр.1 – на најниската и на највисоката кота на теренот

Ф.35   Ф.36

Ф. 35, Ф. 36 - Барутани бр. 2 и бр. 3 – изградени во бочните проширувања на оградните ѕидови



Ф.37 – влез во комплексот, барутана бр.4

барутаните е спојот на избраниот терен на кој се изградени, односно genius loci –„ духот на едно место“ со талентот и традицијата на градителите и нивната стучност и естетика во градењето. Тие успеале строгоста во изградбата на ваквиот вид воените објекти да внесат новитети и вредноста во овој вид архитектура[32].



Ф.38



Ф.39



Ф.40



Ф.41



Ф.42



Ф.43

Ф.38 - Ф.43 – применета декорација кај фасадите на влезните анекси (Ф.33 – Ф. 43, НУ Завод и Музеј-Битола, сопствени фотографии)

[32] Подетално за комплексот Џепане, види: Марула Николоска, *Комплексот Џепане во Битола*, Центар за културно и духовно наследство, Скопје, 2025




Ф. 44 – Паркот на Керим Паша на разгледница издадена 1907 година
(Најдов Д., нав. дело, Ф. 27 стр. 20).

## Парк на Керим паша

Патописецот Ј. Хан во описот на воениот комплекс во Битола нагласува дека „веќе со самото влегување се добива еден допадлив впечаток поради огромната касарна (се мисли на Белата касарна) и преостанатите и издолжени градби, групирани околу неа кои се наоѓаат во многу добра состојба, впечатокот се засилува и поради кокетниот киоск што го изградил Абди-паша, за да им служи на офицерите како кафеана. На него се надоврзуваат повеќе други, одвај помалку брилјантни новоградби, кои што го претставуваат приодот кон широката права главна улица, во која се наоѓа царско-конзулатската зграда“.[33]

Паркот бил изграден во времето на Керим Паша. Во негова чест и денешното Тумбе кафе наречено е: паркот на Керим Паша.

Според М. Тефик[34] овој парк бил направен 26 јули 1892 – 14 јули 1893 година, кој и дава краток опис - „насекаде низ паркот се засадени најразлични дрвја, така што има лирски изглед“.

2. **Паркот Нузхетије.** И овој парк е направен од страна споменатиот валија Керим-паша и се наоѓа наспроти Белата касарна, во близина на државната фурна. Со отворањето на овој парк населението добило уште едно место за уживање, но, исто така, и дотогашните бари и мочурливи места кои се простирале на местото на сегашното шеталиште исчезнале и на тој начин од здравствен аспект тоа имало голема корист.

Градината Nouschetie во Битола или како по 1908 година бил прекрстен во градина или парк на слободата, се наоѓала на левата страна на Железничката улица, одејќи кон југ, наспроти Белата касарна. Во неа се наоѓал киоск (Ф. 47, 48) во кој се собирале офицерите во попладневните часови и во слободното време. Истиот го користеле и за прослави како што било прогласувањето на новиот устав за време на Младотурската револуција.

### *Воена гимназија*

Воената гимназија (Идадие) - изградена е во 1848 год. кога градот бил воен, административен политички и трговски центар на Европска Турција и била една од седумте вакви специјализирани средни училишта во Отоманската империја.

---

33 Матковски А., МДСП 1850-1864, *Патописот на Јохан Хан од 1858 година*, Скопје, 1992, 293

34 Ѓоргиев Драги, *Мехмед Тевфик*, Историја на Битолскиот вилает, Битола, 1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016

Ф.45





Ф.46

Ф. 45 - Патот кон Уметничкото и занаетчиско училиште на разгледница издадена околу 1910г. На десната страна се гледа дел од Тумбе кафе кое во тоа време, го доби името Парк на Абдул Керим паша. Исто така се гледа и дел од самата зграда.

Ф. 46 - Во позадина е Паркот на Керим паша (Најдов Д., нав. дело, Ф. 100, 101, стр. 45).

Ф.47





Ф.48

Ф. 47 - Градината Nouschetie, или како по 1908 година ја прекрстија во градина или парк на слобоата, се наоѓала од левата страна на железничката улица. Одејќи кон југ, наспроти Белата касарна.

Ф. 48 - Во неа се наоѓал киоск во кој се собирале офицерите во попладневните часови и во слободното време. Истиот го користеле и за прослави како то било прогласувањео на новиот устав за време на Младотурската револуција.(Најдов Д., нав. дело, Ф. 100, Ф.101)

Според М. Тефик таа е изградена во периодот од 9 декември 1847 – 27 ноември 1848 година во близина на касарната, на местото каде и денес се наоѓа, била подигната Воената гимназија[35]. Во 1900 година со преселувањето на воената академија од Цариград во Битола овој објект станува

---

[35] Ѓоргиев Драги, *Мехмед Тевфик*, Историја на Битолскиот вилает, Битола, 1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016 - Во овој контекст сметаме дека треба да се спомнат и другите образовни институции изградени во Битола во овој перод - Во Битола во периодот од 22 август 1857 – 10 август 1858 година била подигната и Цивилна прогимназија во близина на новиот амам, на местото каде сега се наоѓа престижно основно училиште. Во 1299 година според Хиџра (23 ноември 1881 – 11 ноември 1882 година), во центарот на Битола, во близина на конакот, била изградена Воена прогимназија. Во периодот од 2 ноември 1883 – 21 октомври 1884 година, во времето кога валија бил поранешниот голем везир Халил Рифат-паша, на истото место каде и сега се наоѓа, била изградена и отворена Цивилна гимназија.




Ф. 49 – Воена гимназија-Идадие (Најдов Д., нав. дело, сл.114, стр.48)

седиште на воената академија и тоа е до 1909 год. Од 1909 до 1912 година служеле како високо воено училиште – воена гимназија.

Во оваа гимназија се школувал Мустафа Кемал Ататурк (основач и прв претседател на современа Турција, а како како професор работел и Тефик Беј - автор на книгата „Историја на Битола“. Во училиштето се изучувале следниве предмети: градежништво, француски јазик, математика, историја, географија, цртање, физичко образование и друго[36].

Од Балканските војни до 1974 година објектот бил користен како воена касарна на српската војска. Од 1976 година објектот е седиште на Завод и музеј - Битола.

Објектот има правоаголна основа, со димензии 46/80м. со пацио – градена по истиот принцип по кој се градени касарните. Висината на објектот е приземје и кат (со висина од околу 10м. до венец). Темелите се изградени о камен, ѕидовите се изведени од тули, а меѓукатната конструкција е реновирана и изведена е армироноњбетонска плоча.

Во архитектонска смисла истиот претставува синтеза на западноевропската и ориентална архитектура. Едноставниот и смирен неоренесансен стил на фасадите се надополнува со ориенталните стилски елементи на прозорите, влезовите и атиката. Овој објект има нагласена влезна партија со убава дрвена врата, а лево и десно од неа мермерни четвртасти столбови. Над влезната врата се наоѓа и рељеф од мермер кој е обоен и со арапски натпис кој има приближна ширина на вратата. Балконот на овој објект е потпрен на конзоли од ковано железо од што е направена и оградата на истиот. На катот како и во приземјето прозорците се симетрично распоредени со околу прозорски венци богато профилирани како и оној на балконската врата, а над неа се наоѓа атика на која има вградено мермерна плоча на која има фино исклесани флорални мотиви. Од двете страни на балконската врата има пиластри кои имитираат камени тесани блокови со нагласена хоризонтална поделба. Со своите димензии оваа монументална градба е одраз на градежните достигнувања во тоа време во овие области и воедно таа е единствената историска градба од овој тип во Република Македонија[37].

[36] https://ceipa.pmf.ukim.mk/mk/node/235

[37] https://muzejbitola.mk/objekt-nuzmb/ - Изработено во рамките на проектот „Подобрување на пристапноста“ имплементиран со поддршка од Headley Trust UK, преку проектот “Stories of the Balkans” на Балканска музејска мрежа; https://bitola.info/muzej-bitola/; mk.wikipedia.org/wiki/ Битолска воена средна школа (турски: Manastir Askeri Iadisi)




Ф. 50 Уметничкото и занаетчиско училиште

### *Други објекти во функција на воената зона*

Уметничкото и занаетчиско училиште (во непосредна близина на воената зона, поточно зад Паркот на Керим паша) започна со работа во 1900 година, со цел да обучува ученици во занимања кои биле барани во тој период како: кројачи, столари, грнчари, инжењери и телеграфисти[38]. (Ф. 50)

Во тн. Исљахане се оспособувале занаетчии кои ги задоволувале потребите на населението, но и потребите на 30.000 војска кои биле стационирани во Црвената и Белата касарна – текст-Васко Гичевски[39]

### *Воена болница*

Комплексот Воена болница во Битола се наоѓа во југозападниот дел од градот, на просторот од брусничко-лавчанската страна од градот. Овој болнички комплекс бил подигнат на благите падини на Баба планина и тогаш бил надвор од градот. Денес, комплексот од сите страни е обиколен со улици, а на североисточната страна протекува реката-канал Курдерес. Целиот комплексот е опкружен со станбена структура. Од 1980 г., комплексот се користи како Студентски дом. Кога е во прашање хронолошката идентификација на комплексот нужно се има во вид и историскиот контекст на неговото создавање.

Во текот на XVI век во градот се отвара првата воена болница, лоцирана на местото на денешниот градски стадион, во која се лекувале само турски војници. Оваа болница неколку пати се преместувала и одново била градена, се до 1885 година кога Ахмед Ејуп паша ја изградил последната, во која по ослободувањето беше сместена специјалната болница за туберколоза[40].

Авторот *Мехмет Тевфик* во неговата книга *„Историја на Битолскиот вилает“* наведува дека на месноста *„Мирисни ливади“* постоела *стара болница*, на чија локација во 1843- 1844 година ќе биде подигната *Белата касарна*[41]. Не е познат периодот на градење на оваа болница.

Воена болница се споменува во патописот на Ами Буе од 1836г.[42], како и во патписот на Ј.

[38] https://old.bitola.info

[39] Facebook.com/BitolaStariFotografii/posts/млинот на Исмаил Бег и старата фабрика прогрес - училиштето за занаети и уметности

[40] Bitola.info.zdravstvoto-vo-bitola-1985 - извадок од Монографија за здравството во Битола, 1985

[41] Ѓоргиев Драги, *Мехмед Тевфик*, Историја на Битолскиот вилает, Битола, 1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016

[42] Матковски А., *Патописот на Ами Буе од 1836-1838 година*, МДСП 1827-1849, Скопје, 1992, 244




Цр. 4 - Дел од битолскиот воен комплекс - западно од касарните се наоѓа комплексот Воена болница на карта од крајот на 19 век и почетокот на XX век

Милер во 1843г. ......“Во квартот Димитри, југозападно од базарот, опкружена со дебели ѕидови, сместена е воената болница, која се состои од една еднокатна зграда, наменета за ранети и болни војници, како и од една приземна куќичка за интернисти, во 1838 првата била опремена со 64, а втората со 18 болнички кревети. Со големиот број магацини управува директорот на воената болница (хасталарагаси), а тие опфаќаат материјал на наменски раководениот институт, депото на лекови, под покровителство на Малтежанецот Скембер....”[43] Воената болница, која се наоѓала во квартот Димитри, се дислоцирала во Јужниот воен кампус[44].

Во Описот на Македонија (1865г.) според рускиот патописец Е. Тимаев се споменуваат две големи касарни, три барутни магацини и голема воена болница доста добро снабдена со аптекарски потреби[45]. Сведоштво за оваа втора воена болница се наоѓа и во описот на приликите во *Битолскиот вилает* во 1856 година од францускиот вицеконзул во *Битола*, *Белег де Буга*, каде што се наведува дека во градот има две болници, цивилна и воена, при што лекарите што служеле во воената биле скоро сите европјани[46]. Денешна Воена болница во *Битола*, според М. Тефик била изградена во 1876- 1877 година[47].

Воената болница во Битола е подигната во периодот на засилената градежна активност во текот на поголемиот дел од XIX век сè до крајот на османлиското владеење со градот во 1912 година. Претставува еден од позначајните османлиски градежни комплекси од овој период. Посебно поглавје во развојот на медицинските установи во градот претставува подигањето на *Старата воена болница,* но за разлика од останатите, оваа болница ќе биде конципирана како современ повеќенаменски медицински и архитектонско-урбанистички комплекс, со поголем стручен и сместувачки капацитет.

Овој болнички комплекс бил подигнат на благите падини на *Баба планина* и тогаш бил надвор од градот. Забележано е дека имал убаво хортикултурно решение, со култивирана градина и овоштарник со водоскоци. Оваа *„Хастане бахчеси“,* или болничка бавча, била омилено рекреативно место за граѓаните до 1912 година. Болницата продолжила со својата работа во текот на *Балканските* и *Првата светска војна*. Во натамошното свое постоење, со оглед на нараснатите потреби, болничкиот комплекс бил повеќепати прошируван, па така, хирушкото одделение било подигнато по *Балканските војни*, а одделението за внатрешни болести било наполно реновирано во 1935 година. Болничкиот комплекс функционирал како воена болница и по *Втората светска војна* до 1950 година, кога се менува нејзината функција и станува *Специјална болница за туберкулоза*. Во 1975 година оваа специјална болница е преместена на друга локација и комплексот на *Старата воена болница* добива нова функција, прераснува во *Студентски дом „Кочо Рацин“*

---

[43] Матковски А., *Патописот на Јозеф Милер од 1843 од 1843 година*, МДСП 1827-1849, Скопје, 1992, 556-557

[44]https://babambitola.mk/kvartot-dimitri-vo-bitola/ Извадок од книгата Градби на проф. Александар Стерјовски

[45] А. Матковски, *Опис на Македонија (1865 г.) според рускиот патописец Е. Тимаев*, Историја, списание на сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, Скопје 1976, год. XII, број 1-2, 216

[46]https://babambitola.mk/kvartot-dimitri-vo-bitola/ - Извадок од книгата Градби на проф. Александар Стерјовски

[47] Ѓоргиев Драги, *Мехмед Тевфик*, Историја на Битолскиот вилает, Битола, 1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016



Цр.5 - Военaта болница во периодот по Првата светска војна до април 1941 година – касарната е веќе срушена




Цр.6

*Основи на најстарите објекти во комплексот, Зграда бр.1*–павилјон Д (некогашна хирургија и рендген), *Зграда бр. 2* – павилјон Б, *Зграда бр.3*–амбуланта (некогашна мртовечница), *Зграда бр. 4* – павилјон А (некогашна главна зграда)

*Воената болница* во Битола претставува последна етапа во развојот на медицинските воени услуги во градот, подигната како голем медицински комплекс за тоа време, со оглед на нараснатите потреби на османлиската војска и на градот. Оваа болница била модерна установа со павилјонски систем на хоспитализација на болните и со капацитет за сместување на голем број ранети и заболени војници.

*Воената болница* претставува комплекс од 18 објекти обединети во една компактна целина на содржини и функции. Од нив најстари се објектите 1, 2, 3, 4 и 6, односно павилјоните назначени како објект А, Б, Ц и Д, како и објектот на денешната амбуланта. Важно е да се напомене дека на османлиската карта  која датира од крајот на 19 век, вцртани се само објектите А и Б, но истражувањата од повеќе извори упатуваат дека во овој период веќе биле подигнати и другите наведени објекти.

Организационо била поделена на *хируршко и на интерно одделение*, а од 1908 година имало и *одделение за рендгенско снимање* коешто најверојатно е прво вакво во нашата земја. Зачуваниот натпис на мермерна плоча со арапско писмо, поставен над влезот на приземјето на денешниот блок „Д“ гласи: *„Одделение за рендгенски зраци 1908 година“*.

Медицинскиот и фармацевтскиот кадар во болницата бил со мешовит состав. Најчесто тоа биле *Грци, Евреи* и *Италијани,* а со текот на времето биле ангажирани и *Турци* школувани во *Западна Европа* или на медицинскиот факултет во *Истанбул* што бил отворен во 1840 година.

Постигнатата едноставна но монументална профилација на волумените и облиците е надополнета со скромното но одмерено решавање на фасадните површини со речиси отсуство на второстепена пластика, а декоративните елементи се присутни само во неопходните акценти на влезните партии, прозорските оквири, камените агли на некои објекти, симсовите и слично. Но и оваа декоративна украсна профилација е изведена едноставно, смирено и без претензија за нагласување, имајќи ја предвид задачата и идејата на градителот да проектира комплекс со специфична јавна намена, воена болница. Одмерената монументална архитектонска строгост на автентичните градби во целината ги презентира стандардните архитектонско-градежни концепции со непосредни влијанија и инспирации од западноевропската градителска дејност. *Старата воена болница* не претставува раритет според архи-




Ф. 51 - Воена болница, 1908 година (Најдов Д., нав. дело, Ф. 88, стр. 40)

тектонската концепција во обликувањето, со оглед на тоа што во повеќе градови на подрачјето на денешна Република Македонија во XIX век биле подигнати, а некои се сочувани до денес, повеќе слични и сродни градби од јавен карактер. Фактот дека комплексот на старата воена болница е првиот повеќенаменски медицински комплекс кај нас и нејзиното долготрајно и континуирано дејствување како здравствена установа, недвосмислено упатуваат на нејзината раритетност како функ-

Ф.52 

 Ф.53

Ф.54 

 Ф.55

Ф.52 - Ф.55-Воена болница, денес Студентски дом, состојба 2016



Ф.56



Ф.57



Ф.58



Ф.59



Ф.60

Ф. 56 - Ф.60 - Применети декоративни елементи (Ф.52 – Ф.60 – фотографии на авторот)

ционален комплекс кој претставува единствен пример од тоа време во Македонија.[48]

На почетокот на XX век во Битола функционираа уште неколку болници, како болницата за сиромаси "Гураба Хаста Хане", болницата за душевни болни "Тимар Хаста Хане", болницата за венерични болести "Франги Хаста Хане", малата Влашка болница и Општинската болница, покрај големата турска воена болница која постоеше од XVI век, сместена во зградата на поранешната егзархиска гимназија, што се наоѓаше на сегашната ул."Климент Охридски бр.15, беше претворена во Општинска болница[49].

## *Резиме*

Градот Битола лежи во југоисточниот раб на битолско поле, во Пелагонија, при источното подножје на Пелистер.

Битола е град кој кој има многувековна историја на негов развој, падови и успони – почнувајќи од 4 век пред н.е. кога бил населба која покажува карактеристики на градски начин на живеење. Средновековниот град Битола бил царска престолнина  во која се устоличил Гаврило Радомир, наследник на Самоил. Пронајдените остатоци на монументална архитектура во градот, го потврдуваат постоењето на византиски град, кој во 12/13 век се споменува под името Пелагонија. Во 1382/83 година градот потпаднал под турска власт, при што бил целосно разрушен и уништен, за да одново почне да се возобновува и обликува. Во начинот на урбанистичкото и архитектонско формирање и обликување на градот применет е органистичкиот принци – во долгиот период на населување на жителите – Турско маало, Христијанско маало, нешто покасно, се формираат и Еврејското маало, покасно и Влашкото маало и тн. Паралелно со маалата се формира и чашијата која континуирано се проширувала, како и бројните пазари, угостителските објекти, паркови, бројните излетнички места.....

Уште во XV век, според податоците на млетачкиот пратеник Бернард, Битола се нотира како најразвиен и многу важен трговски центар за

[48] Подетално за комплексот, в.: Николоска М., *Комплекс Стара воена болница во Битола*, Twelfth International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 31.3-2.4.2017, Vrnjacka Banja, Serbia, 1751-1757

[49] https://babambitola.mk/stara-bolnica-vo-bitola/ - Текст, стари фотографии од книгата Здравството во Битола 1944-2004 на Петар Бојациевски и Рената Бојациевска Цветковска.

југозападниот дел на Балканскиот Полуостров, со развиено занаетчиство, угостителство.[50]

Континуираниот развој на градот, придонесува тој во XIX век да стане и град на конзулите, во кој се наоѓале конзуларните претставништва на повеќе европски земји – Романија. Австрија, Србија, Грција, Франција, Англија, Русија, Италија.

XIX век е и период кога градот станува административен и воен центар – во 1820 година, Битола станува главно управно седиште на Румелискиот валија, а во градот пристигнува голема војска од преку 30.000 војници со артилерија, муниција, за да во текот на 40-те години на XIX век градот стане важен воен центар, односно седиште на Третата армија на османлиската војска. Тоа е и век кога е донесен првиот устав во Османлиското царство, издаден е „Гилханскиот хатишериф" кој ги најавуваат обемните реформи во администрацијата и другите сфери на општествениот живот, а една од најзначајните секако била реформата на османлиската војска, неопходна за одржување и контрола на сеуште големите територии и области во кои владеело Османлиското царство.

Историскиот контекст за времето на создавање на воениот комплекс се однесува на периодот на воведување на значајни и повеќекратни реформи во Османлиската држава во текот на XIX век – Танзиматот. Овој реформски процес за модернизирање на Османлиската Империја, што трае од 1839 година до 1876 година, ќе овозможи постепени но структурни промени во повеќе сфери од општественото живеење во државата, а особено ќе се одрази на османлиската армија, на нејзиното модернизирање и фаќање приклучок со современите воени потреби диктирани од Западна Европа. Структурните административни реформи во повеќе општествени области, а пред се во организацијата на османлиската армија, како и фактот дека е седиштето на Румелискиот ејалет, ќе придонесат градот да стане значаен административен центар во европскиот дел на Империјата и забрзано да се развива во наредните децении. Заради сите овие процеси не случајно градот Битола во текот на 40-тите години од 19 век ќе стане и значаен воен центар на османлиската војска. Зголемувањето на административното, економското, демографското и военото значење на градот ќе резултира со потреба од изградба на голем воен комплекс со цел да ги задоволи армиските потреби и концентрацијата на големи воени сили во градот. Бројните цивилни и воени, јавни и монументални објекти и комплекси што ќе се подигаат во еден период од седумдесеттина години, претставуваат значајна градителска активност од крајот на османлиското присуство во Македонија и ги отсликуваат напорите на османлиските власти да ги достигнат и да се сообразат со современите цивилизациски процеси во Европа, на прагот на модерното доба. Овие процеси и актуелни влијанија ќе бидат прифатени од прогресивните слоеви на османлиското општество, а негови главни промотори ќе бидат кадрите образовани во повеќе европски центри во текот на XIX век. Реформски процеси за модернизирање на Османлиската Империја, овозможиле постепени, но структурни промени во повеќе сфери од општественото живеење во државата, а особено ќе се одрази на османлиската армија, на нејзиното модернизирање и фаќање приклучок со современите воени потреби диктирани од Западна Европа.

Поголемиот дел од XIX век во Битола е период на засилена градежна активност сè до крајот на османлиското владеење со градот во 1912 година. Претставува еден од позначајните османлиски градежни комплекси од овој период, којшто отпочнува со подигањето на Црвената пешадиска касарна во 1838 година, а завршува со изведбата на уникатниот Офицерски дом од 1911 година.

Воениот комплекс во Битола претставувал карактеристичен архитектонско – урбанистички, функционално – амбиентален и историско – мемориски комплекс лоциран на јужниот дел од градскиот простор, односно на периферијата на градот. Комплексот опфаќа две големи и импозантни касарни со бројни пропратни помошни објекти – коњушници и разни други кои биле изградени за потребите на функционирање на комплексот, полигонот за вежби на различните родови војска, арсеналот, трите комплекси барутани оградени со високи ѕидови – на ридот Тумбе кафе, Воената гимназија, Воената болница, како и парковите – Паркот на Керим паша, како и паркот во склоп на Воената болница – со убаво хортикултурно решение, со култивирана градина, овоштарник со водоскоци.

[50] податоци од поглавјето Историско урбан развој Зоран Алтипармаков, Надежда Георгиева, Стара битолска чаршија, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Битола, 2013, 4-8

**Користена литература**


1. Алтипармаков З., Георгиева Н., Стара битолска чаршија, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Битола, 2013

2. Ѓоргиев Драги, Мехмед Тевфик, Историја на Битолскиот вилает, Битола, 1910 г. (превод, редакција и коментари); Логос А, Скопје, 2016.

3. Матковски А. Опис на Македонија (1865г.) според рускиот патописец Е. Тимаев, Историја, XII, Скопје 1976, број 1-2, 216,

4. МДСП 1827-1849, Патопис од непознат автор од 1838 година, Скопје, 1992, 394

5. МДСП 1850-1864, Матковски А., Патописот на Јохан Хан од 1858 година, Скопје, 1992, 293-296

6. Момидиќ-Петкова Р., Стојан Везенков – еден заборавен македонски градител од XIX век, Зборник на трудови, бр, 10-11, Битола, 1990-1991

7. Најдов Д., Битола низ стари разгледници, НУ Завод и Музеј – Битола, 2014, VII

8. Николоска М., Комплексот Џепане во Битола, Центар за културно и духовно наследство, Скопје, 2025

9. Николоска М., Комплекс Стара воена болница во Битола, Twelfth International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS, 31.3-2.4.2017, Vrnjacka Banja, Serbia,

10. Томалевски Г., Майстор Стоян Везенков, София, 1964

11. Турски документи за македонската историја 1818-1827, IV, Скопје, 1957

12. Турски документи за македонската историја 1827-1839, V, Скопје, 1958

- https://old.bitola.info/old Bitola postcards - https://mk.wikipeia.org/wiki/Бела касарна - https://mk.wikipedia.org./wiki/Бела-касарна, Стерјоски Александар, Градби-Битола, Битола, 2020, 36-40 - https://bitola.info/bitola-stari-razglednici/3/, - http://www.albanianphotography.net/szekely/index.html, Josef Székely VUES IV 41090 Monastir [Bitola]: group of Ottoman artillerymen. October 1863 - https://old.bitola.info/old-bitola-postcards - https://ceipa.pmf.ukim.mk/mk/node/235 - https://muzejbitola.mk/objekt-nuzmb/ - Изработено во рамките на проектот „Подобрување на пристапноста“ имплементиран со поддршка од Headley Trust UK, преку проектот “Stories of the Balkans” на Балканска музејска мрежа; - https://bitola.info/muzej-bitola/; mk. - Facebook.com/BitolaStariFotografii/posts/млинот на исмаил бег и исљахането стар прогрес училиштето за занаети и уметности -Bitola.info. zdravstvoto-vo-bitola-1985 -https://babambitola.mk/kvartot-dimitri-vo-bitola/ - https://babambitola.mk/stara-bolnica-vo-bitola/ - Текст, стари фотографии од книгата Здравството во Битола 1944-2004 на Петар Бојаџиевски - https://mk.wikipedia.org/wiki/Битолски Вилает - https://bitola.info/crvena-i-bela-kasarna-bitola/

Marula NIKOLOSKA

# THE MILITARY COMPLEX IN BITOLA

*Resume*

The city of Bitola is situated in the southeastern part of the Bitola Plain, within the Pelagonia region, at the southern foothills of Mount Baba (Pelister).

Bitola is a city with a rich and continuous historical legacy, marked by periods of prosperity and decline. Its origins date back to the 4th century BCE, when it first emerged as a settlement exhibiting early characteristics of urban life. During the medieval period, Bitola served as an imperial capital and the seat of Gavrilo Radomir, the heir to Emperor Samuil. Archaeological discoveries of monumental architecture confirm the existence of a Byzantine town, referred to as Pelagonia in the 12th and 13th centuries. In 1382 - 1383, Bitola came under Ottoman rule. The town suffered destruction but was gradually rebuilt and reshaped over time. Its urban and architectural development followed an organic pattern, reflecting the long-term settlement of its diverse inhabitants. Distinct neighborhoods emerged - Turkish, Christian, followed by somewhat later Jewish, and Wallachian - each contributing to the city's cultural mosaic. Alongside these residential areas, the market evolved as a central hub of activity, expanding to include numerous bazaars, inns (hospitality facilities), parks, and recreational spaces.

According to the Venetian envoy Bernard, by the 15th century Bitola had already established itself as a highly developed and significant trade center in the southwestern Balkans, renowned for its craftsmanship and hospitality services.

This continuous urban and economic growth culminated in the 19th century, when Bitola earned the title "City of the Consuls." During this period, it hosted consular offices from several European nations, including Romania, Austria, Serbia, Greece, France, England, Russia, and Italy - further solidifying its importance as a regional diplomatic and cultural center.

The 19th century marked a period of significant transformation for Bitola, as the city emerged as both an administrative and military center. In 1820, Bitola became the principal administrative seat of the Rumelia Eyalet (Rumeli Valia), welcoming over 30,000 artillery soldiers and large quantities of military equipment. This development established Bitola as a major military stronghold and, by the 1840s, as the headquarters of the Third Army of the Ottoman Empire. During this era, the Ottoman Empire introduced its first constitution and issued the Gülhane Hatt-ı Şerif, a decree that announced sweeping reforms across the administration and broader society. Among the most significant of these changes was the reorganization of the Ottoman military - an essential step for maintaining control over the Empire's vast territories. This period also saw the implementation of extensive land and administrative reforms, known collectively as the Tanzimat.

Throughout most of the 19th century, Bitola experienced intensive construction activity, which continued up until the end of Ottoman rule in 1912. A notable example of this development are the Red Infantry Barracks, completed in 1838 – representing one of the most important Ottoman architectural complexes of the period. This wave of military and civic construction culminated in 1911 with the completion of the distinctive Officers' Dormitory, symbolizing the city's enduring strategic and administrative significance on the eve of modern times.

The historical context surrounding the creation of this heritage site corresponds to a pivotal period in the 19th century - the era of the Tanzimat reforms within the Ottoman Empire. This wide-ranging reform movement, implemented between 1839 and 1876, sought to modernize the Empire's political, administrative, and social structures in line with contemporary developments in Western Europe. The Tanzimat era brought gradual yet profound structural changes across various spheres of Ottoman society, with particularly significant effects on the modernization of the Ottoman army. These reforms aimed to align military organization, strategy, and infrastructure with modern European standards. Given that the seat of the Rumelia Eyalet was located in Bitola, the city naturally evolved into a vital administrative and military hub within the European territories of

the Empire, experiencing rapid development over the following decades. By the 1840s, Bitola had become an important military center of the Ottoman army. The city's growing administrative, economic, demographic, and strategic importance created a pressing need for the construction of extensive military complexes capable of accommodating large numbers of troops and fulfilling new logistical demands. Over the course of approximately seventy years, Bitola witnessed the erection of numerous civil, military, public, and monumental buildings, reflecting an intense period of architectural and urban activity that marked the final century of Ottoman rule in Macedonia. These developments embody the Ottoman authorities' broader efforts to embrace the modernization and civilizational progress taking place across Europe at the dawn of the modern age. The Tanzimat reforms and the accompanying modernization processes found strong resonance among the more progressive segments of Ottoman society. Their most active proponents were the educated elites, many of whom had studied in leading European centers during the 19th century. Through their influence, Western ideas of reform, governance, and modernization became integral to the transformation of cities like Bitola - leaving a lasting imprint on their architectural and cultural heritage.

The military complex in Bitola represents a distinctive architectural, urban, functional, historical, and memorial ensemble, situated in the southern part of the city - on the periphery of the urban area. This extensive complex comprised two large and imposing barracks, accompanied by a range of auxiliary facilities, including stables, training grounds for various military branches, an arsenal, and three gunpowder storage complexes, all enclosed by high defensive walls - located on Tumbe Kafe Hill, the complex included a Military Hospital, complemented by two landscaped parks - the Park of Kerim Pasha and the park associated with the Military Hospital complex, which featured refined horticultural designs, cultivated gardens, orchards, and fountains.